# „Аллах ги одредил добрите и лошите дела, потоа ги појаснил,

Ибн Абас, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, пренесува од Севишниот Господар дека рекол: „Аллах ги одредил добрите и лошите дела, потоа ги појаснил, тој што ќе посака да направи добро дело, но не го направи, Аллах ќе го запише кај Себе како да го направил, а кој пак одлучи да направи добрина и тоа го направи, Аллах ќе му запише од десет до седумстотини пати повеќе севапи, додека тој што ќе посака да направи лошо дело, но нема да го направи, Аллах ќе му запише за тоа како потполна добрина, но доколку намери да направи грев и го направи, Аллах ќе му запише само еден грев."

[صحيح] [رواه البخاري ومسلم في صحيحيهما بهذه الحروف]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ни појаснува дека Аллах Возвишениот, ги одредил добрите и лошите дела, а потоа на мелеците им објаснил како да ги запишуваат: Тој што ќе посака и одлучи да направи добро дело ќе ја добие наградата за тоа дело иако не го направил, а ако го направи ќе му се зголемат севапите од десет до седумсто пати, па дури и повеќе од тоа, ова зголемување ќе биде условено со неговата искреност во срцето, од тоа колку тоа дело им користи на другите и слично. Од друга страна кој ќе посака и одлучи да направи лошо дело но сепак не го направи, заради Аллах, тоа ќе му биде запишано како добрина, а ако не го направил затоа што бил зафатен или немал можност, тогаш нема да му биде запишано ништо (ниту добро ниту лошо дело), а ако не го направил заради слабост и немоќ ќе му биде запишана неговата намера, и на крај ако сепак го направи делото, ќе му биде запишан еден грев за тоа.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee